Australian Government
Department of Health and Aged Care



# Single Assessment System [Единствен систем за процени]

Ги реформираме процените за нега на стари лица, за да ви олесниме да почнете да добивате нега на стари лица и пристап до различни услуги како што се менуваат вашите потреби.

## Што е Single Assessment System?

Single Assessment System за нега на стари лица содржи три клучни дела:

- **Integrated Assessment Tool [Интегрирана алатка за процена] (IAT)** започна на 1-ви јули 2024 година како нова алатка за процена на правото на нега на стари лица финансирана од владата
- Од 9-ти декември 2024 година, **Single Assessment System workforce [Персонал за единствен систем за процена]** ќе обедини три различни вида вработени за процена
- **нови First Nations assessment organisations [организации за процена на Првите нации]** за давање културно побезбедни патишта за постарите Абориџини и Островјани од Теснецот Торес ќе почнат со работа од 1-ви јули 2025 година.

Новиот систем ќе обезбеди единствена насока за процена заради пристап до сите видови домашна и флексибилна нега финансирана од владата, и за прием во резиденцијална нега на стари лица. Тој ќе:

- биде полесен за снаоѓање за вас, вашето семејство и негувателите
- обезбеди дека вашата приказна ќе треба да ја кажете само еднаш
- се приспособи на вашите потреби што се менуваат, без да треба да се менува организацијата што прави процени
- ќе обезбеди пристап до процени во регионални, рурални и оддалечени области
- направи помалку да се чека за процена.

Ќе нема промени на условите за добивање на нега на стари лица или на упатите за итни услуги.

## Што е персонал за Single Assessment System?

Претходно имаше различни патишта за процена. Како резултат на тоа, процените не беа доследни и постарите луѓе често беа префрлувани меѓу организации како што се менуваа нивните потреби.

Персоналот на Single Assessment System обезбедува единствена насока за процена што може брзо да се приспособи на потребите што се менуваат, без да треба да се менуваат организациите што прават процени.

Од 9-ти декември 2024 година, сите организации кои прават **aged care needs assessments [процени за потребите од нега на стари лица]** ќе можат да спроведуваат и:

- **home support assessments [процени за домашна поддршка]** за Програмата на домашна поддршка на федералната влада (CHSP), и
- **comprehensive assessments [сеопфатни процени]** за Програмата на пакети на домашна нега (HCP), за флексибилни програми на нега на стари лица, за резиденцијален одмор (respite) и за прием во резиденцијална нега за стари лица.

Некои организации за проценување ќе спроведат **residential aged care funding assessments [процени за финансирање на резиденцијалната нега на стари лица]** за да ја определат Australian National Aged Care Classification [Австралиската национална класификација на нега на стари лица] (AN-ACC) на постарото лице откако тоа ќе се смести во установа за резиденцијална нега на стари лица.

Мнозинството организации за residential aged care funding assessment исто така ќе спроведуваат aged care needs assessments за да ги прошират достапноста и пристапот ширум Австралија.

Владите на државите и териториите ќе продолжат да спроведуваат процени во болници. Ако ви треба процена додека сте во болница, ќе ви биде доделен следниот достапен проценител.

Department of Health and Aged Care [Министерството за здравје и нега на стари лица] тесно ќе соработува со идните и постоечките организации за проценување, за да поддржи непречен премин на работна сила во Single Assessment System и да обезбеди да нема празнини меѓу службите.

## Како да поднесам барање за aged care needs assessment?

Начинот на кој се поднесува барање за aged care needs assessment не е променет. Меѓутоа, Single Assessment System има за цел тој процес да го направи полесен.

Вие или ваш претставник (т.е. член на семејството или негувател) ќе треба:

- да ја посетите веб-страницата на My Aged Care за да поднесете барање ‘Apply for an Assessment Online’

- да се јавите на [My Aged Care] на **1800 200 422** (бесплатен повик) меѓу 8 наутро и 8 навечер во работни денови, и меѓу 10 наутро и 2 попладне во сабота (по локално време)
- да закажете состанок лице-во-лице со Aged Care Specialist Officer [специјализиран службеник за нега на стари лица] (ACSO) во извесни услужни центри на Services Australia јавувајќи се на **1800 227 475** меѓу 8 наутро и 5 попладне во работни денови.

My Aged Care може:

- да ве регистрира во My Aged Care, ако се јавувате првпат
- да ви постави некои првични прашања заради разговор кои услуги на нега на стари лица би можеле да ви требаат
- да ве упати во организација за проценување во ваша околина.

Triage Delegate [делегат за тријажа] од организација за проценување ќе ви се јави во рок од 2 недели од прифаќањето на вашиот упат. Тоа ќе биде кус разговор како помош да ви биде закажан точен тип на aged care needs assessment што одговара на вашите потреби.

## Чекам процена, што се случува?

Ако веќе сте контактирале со My Aged Care и чекате да ви се јави организација за проценување, за сега не треба да правите ништо. Локална организација за проценување ќе ви се јави во рок од две недели од прифаќањето на вашиот упат.

Ако веќе ви е закажана процена, ништо нема да се промени. Проценител ќе дојде кај вас дома за да ви направи процена во закажаното време и датум.

## Ќе има ли промени како се спроведуваат процените?

Процените и натаму ќе се спроведуваат лично, кај вас дома или во болница ако е потребно.

Single Assessment System е флексибилен и ќе се приспособува на вашите потреби што се менуваат и постарото лице нема да треба да ги менува организациите за проценување.

За време на вашата процена, поддршка ќе ви дава истата организација за проценување, дури и ако таа открие промена на потребите:

- Ако имате comprehensive assessment [сеопфатна процена] од страна на клинички проценител, тој/таа може процената да ја смени во home support assessment, ако е потребно.
- Ако имате home support assessment од страна на неклинички проценител, тој/таа може да се јави на клинички проценител (по телефон или со видео-конференција) за да разговараат за прашања за кои е потребна клиничка одлука. Ако клинички проценител не е веднаш достапен, тој/таа ќе се јави повторно или ќе организира нова процена за да ги постави преостанатите клинички прашања.

# Дали ќе има промени на преоценувањето?

## Aged care needs assessments

Процесот на преоценување и на Support Plan Reviews [ревизии на планови на поддршка] не е променет - вие, член на семејството или давател на нега на стари лица ќе треба да контактирате со My Aged Care ако вашите потреби се променети.

Според Single Assessment System, вашето прво преоценување или Support Plan Review може да го спроведе друга организација за проценување.

Тогаш истата организација за проценување ќе ги спроведува сите идни преоценувања. Проценителите и натаму ќе можат самите да се предложат за Support Plan Reviews, што ќе олесни да останете со истата организација за проценување што сте ја имале последниот пат.

## Residential aged care funding assessment [Процена за финансирање на резиденцијална нега на стари лица]

Процесот на residential aged care funding reassessments не е променет.

Во мнозинството случаи, вашиот давател на резиденцијална нега на стари лица ќе побара преоценување заради приспособување на вашата AN-ACC класификација да ги задоволи вашите потреби што се менуваат. Како постојан станар во институција за нега на стари лица, вие или вашето семејство исто така може да барате преоценување контактирајќи со My Aged Care.

Residential aged care funding assessments имаат автоматски процес за издавање упати. Ова не може да гарантира дека ќе ја имате истата организација за проценување или проценител.

# Повеќе информации

Посетете ја веб-страницата на My Aged Care за повеќе информации за:

- процесот на проценување
- како да се побара процена
- подготовка за процена
- кога да се направи преоценување.

Ако имате повеќе прашања, ве молиме јавете се на My Aged Care на **1800 200 422.**

Или, може да закажете состанок лице-во-лице со ACSO јавувајќи се на **1800 277 475** или посетувајќи service centre (услужен центар) на Services Australia.

**This has been translated into Macedonian. To read this fact sheet in other languages, visit the department’s website.**